ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 1203 – 393/7**

**Дата: 28. 07. 2009**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО- ОБЛЕШЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Чешиново - Облешево за 2008 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Чешиново - Облешево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Орце Митров - Градоначалник на Општина Чешиново - Облешево во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 7 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 26.05.2009 до 08.06.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции

на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Градоначалникот на Општина Чешиново - Облешево во 2007 година има назначено од вработените одговорен сметководител, кој заедно со Градоначалникот е одговорен за примената на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Од извршениот увид во документацијата и направеното интервју, ревизијата утврди дека одговорниот сметководител целосно не постапува согласно обврските утврдени со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, кое придонесува за немање соодветна контрола на документацијата, плаќање по некомплетна документација и за ненаменско и незаконско трошење на средствата на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината како одговорно лице, одобрувањето на плаќањата да го врши по потврдена документација од одговорниот сметководител.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите општина Чешиново - Облешево нема утврдено конзистентна сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Тоа се јавува поради не примена на одредбите од претходно споменатиот пропис. Не се изготвуваат приемници при приемот и испратници на основа требувањата од поодделните оделенија и служби на општината.
Не евидентирањето на приемот и издавањето на материјалите придонесува да се нема увид во состојбата и можност за ненаменско користење на истите.

**Препорака:**
- да се воспостави сметководствена политика за евидентирање на материјалите;
- сметководствените трансакции да бидат поткрепени со соодветни сметководствени документи.

**10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.3.1. Од позицијата Социјални бенифиции исплатени се средства во износ од 96 илјади денари за социјална помош на граѓани. Овие исплати се вршени со решенија

донесени од градоначалникот. За истите не постои Програма со утврдени цели и активности, донесена од советот на општината, нема утврдени критериуми за доделување на средствата, што создава можност за субјективно постапување и одлучување при нивното доделување и ненаменско трошење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за социјална заштита и Законот за локална самоуправа.

**Препорака:**
Во 2009 година Советот да донесе Програма и да се утврдат критериуми со кои ќе се определат основните цели и активности за доделувањето на средства за социјална заштита.

10.3.2. За направените расходи на позицијата Резерви во износ од 250 илјади денари во извештајот за извршување на Буџетот за 2008 година во делот за буџетските резерви е наведено дека истите се потрошени за прославата на денот на општината 120 илјади денари а остатокот за откуп на земјиште за гробни места во село Теранци. Согласно законските одредби средствата од постојаната буџетска резерва се користат за отстранување на последици од елементарни непогоди а средствата од тековната буџетска резерва можат да се користат за финансирање на непланирани или помалку планирани активности .
Од извршениот увид во приложената документација на евидентираните расходи на оваа позиција се утврди дека средствата од буџетските резерви кај општина Чешиново – Облешево се користени и тоа:

- 134 илјади денари за денот на прославата на општината;
- 30 илјади денари за невладина хуманитарна организација за семинари на фудбалски тренери, и
- 86 илјади денари за набавка на материјали за реконструкција и оградување на верски објекти.

За сите овие активности имало можности да бидат планирани средства во буџетот на општината, денот на општината како и капиталните расходи за верските објекти не се активности кои не можат да се планираат. За капиталните расходи за верските објекти нема никаков доказ дека работите се завршени. Што се однесува до одобрување на средства за невладини организации не е почитувана процедурата која е утврдена со Законот за здруженија на граѓани и фондации. Користењето средства од буџетските резерви спротивно на законот го нарушува начелото на наменско користење на средствата, а доставениот извештај кој не го прикажува точно трошењето на овие средства го нарушува начелото на транспарентност во трошењето на буџетските средства.

**Препорака:**

- Градоначалникот како одговорно лице да го почитува начелото на транспарентност и согласно законот да изготвува и доставува до советот годишен извештај за трошење на средствата од резервите каде реално ќе известува за кои намени се потрошени средства.
- При трошењето на средствата од резервите да се почитуваат намените утврдени со законската регулатива.

10.3.3. На позицијата Стоки и услуги, евидентирани се расходи во износ од 231 илјади денари, на основа документација која е неверодостојна, некомплетна и непотврдена од одговорен сметководител и тоа:

- за патување во странство (Р Бугарија) на градоначалникот, двајца вработени во општинската администрација и девет советници нема Решение за патувањето, нема официјална писмена покана за целта на посетата. Од страна на општината

платени се фактури во износ од 16 илјади денари за патничко осигурување, превоз и котизација за семинар. За веродостојноста на наведеното во фактурата нема соодветна документација;
- за набавки во износ од 125 илјади денари на разни материјали ( кабли, ребрасто црево, разводни кутии, материјали за водоводна инсталација, разни електроматеријали и алат, набавка на вреки цемент, усјемал, поправка на електрична инсталација, разводен орман, набавка на брикети и јаглен) нема приемници за набавената стока, работни налози за извршени работи, нема за кои потреби и каде се употребени набавените стоки и извршените услуги;
- за износ од 90 илјади денари платени расходи за електроматеријали наведено за спортска сала без да постои документација (работен налог или записник) за извршување на работите;
- на поголем дел од документацијата врз основа на која се извршени плаќања за угостителски услуги не е наведено кој е корисник на услугата од општината и по кој повод.

Претходно споменатото е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници членот 7 став 2 и членот 12 и придонесува за ненаменско и незаконско трошење на средствата, нереални расходи, погрешно проценување на билансните позиции и изготвување нереални финансиски извештаи.

10.3.4. На позицијата Капитални расходи, дел од расходите во износ од 369 илјади денари се искажани на основа неверодостојна, некомплетна и формално неисправна документација, односно без да има приемница без да се знае кој ги примил материјалите, каде се вградени без записник или работен налог како и без да се занае за каде истите се наменети и потрошени. Овие расходи најчесто се однесуваат на: реконструкција на деловни објекти, изработка на проекти за патишта и улици, изградба и реконструкција на улици, комунални објекти и набавување на опрема.

Претходно споменатото е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници (членот 7 став 2 и членот 12 каде е регулирано дека сите податоци регистрирани во деловните книги и во другите извештаи мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурни и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување) и придонесува за ризик од ненаменско и незаконско користење на средствата, нереални расходи, погрешно проценување на билансните позиции и изготвување нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Плаќањето на обврските и евидентирањето на расходите за извршени работи, да биде на основа веродостојна, комплетна и формално исправна документација согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, потврдена од одговорниот сметководител во општината.

10.3.5. За користење на мобилните телефони од страна на градоначалникот и дел од вработените во општината, нема Одлука за лимитирање на трошоците по овој основ. Нелимитираните трошоци придонесуваат за неконтролирано и ненаменско трошење на општинските средства и ги нарушуваат основните начела на трошењето на буџетските средства утврдени со Законот за буџетите. Поради невоспоставени интерни контроли и не соодветна контрола на документацијата од страна на надлежните лица се случила исплата на телефонска сметка, иако во незначителен износ, за приватен фиксен телефон сопственост на физичко лице.

**Препорака:**

- Градоначалникот на општината да донесе одлука за износот на расходите за мобилни телефони кои ќе бидат на товар на сметката на општината, а за евентуално повеќе направените расходи да се задолжуваат лицата кои истите ги направиле ;
- за платената телефонска сметка на физичкото лице да се побара истото да ги врати средствата на општината.

10.3.6. Ревизијата не изрзува мислење за реалноста и објективноста на дел од трошоците на позицијата Горива и масла во износ од 294 илјади денари за набавка гориво (автоплин, дизел гориво, еуродизел А4), бидејќи точено е гориво во возила кои не се сопственост на општината и точено е гориво, без прилог испратница и без да е наведено за кои потреби и за кои возила се врши набавката.
Претходно споменатото е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект ненаменско и незаконско трошење на средствата, нереални расходи, погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице:

- да донесе интерен акт за користење на возилата и да овласти лица кои можат да точат гориво.
- да формира комисија која ќе испита за кои возила е вршена набавка на горива кои не се за потребите на општината, а за незаконски и ненаменски потрошените средства да се преземат мерки за враќање на општината.

**10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.4.1. Комисијата за пописот на средствата и изворите на средствата на општина Чешиново - Облешево со состојба на 31.12.2008 година не извршила попис на обврските.
Извршениот попис на материјалните средства со состојба на 31.12.2008 година не е во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради тоа што не е извршено усогласување на фактичката состојба утврдена со физичкиот попис на материјалните средства со нивната вредност искажана во сметководството. Пописните листи ја содржат само количината на материјалните средства утврдена со пописот но не и состојбата од сметководството.
Не спроведувањето на пописот во согласност со законската регулатива придонесува за нецелосно евидентирање на материјалните средства и нереално искажување на билансните позиции.

**Препорака:**
Градоначалникот на општина Чешиново - Облешево да преземе активности за целосно и правилно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно одредбите пропишани во Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

10.4.2. Обврската за плати и надоместоци на плати спрема вработените за 2007 година е искажана во помал износ за 432 илјади денари поради непресметана и неевидентирана обврска за плата за месец декември 2007 година што е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ефект од тоа се нереално искажани состојби на обврските во сметководството и Билансот на состојба на 31.12.2008 година. Бидејќи во текот на 2009 година е пресметана,

евидентирана и исплатена обврската за плата за месец декември 2008 година ревизијата не дава препорака.

10.4.3. Состојбата на материјалните средства на 31.12.2008 година искажана во Билансот на состојба на Општина Чешиново – Облешево не ја претставува реалната состојба на имотот на општината поради следното :

- имотот добиен врз основа на спроведен делбен биланс согласно Решението бр. 23-257/60 и 23-257/61 од 08.02.2000 година донесено од Владата на Република Македонија, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Чешиново - Облешево за кој општината има обезбедено имотни листи од Агенцијата за катастар на недвижности, го има искажано како состојба во пописните листи за 2008 година но без утврдена вредност, поради што и не е евидентиран во сметководството;
- имотот кој се состои од компјутерска опрема (компјутери, печатари и друго), добиени како донација како и фотокопир и радијатори набавени од општината, сопственост на општината не е евидентирана во сметководството на општината.
- спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и годишните стапки за отпис на долгорочните средства на буџетите и буџетските корисници, кои се составен дел на Правилникот, извршена е неправилна примена на пропишаните стапки поради што неточно е искажан износот на пресметаната амортизација за 2008 година.

**Препорака:**

- Градоначалникот да формира комисија, која согласно Методологијата ќе изврши проценка на вредноста на недвижниот имот;
- да се изврши проценка на вредноста на опремата добиена од донација и да се изврши евидентирање на неевидентираната опрема;
- надлежните во сметководството да ги применуваат пропишаните стапки за отпис (амортизација) согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а за 2008 година да извршат исправка на пресметаната амортизација на материјалните средства.

**10.5. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

10.5.1. При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки поради следното:
- спротивно на Законот за јавни набавки не се формира посебна комисија за спроведување на постапката за јавна набавка;
- за набавката на стоки и услуги по повод прославата на денот на општината во вкупен износ од 160 илјади денари не е спроведена постапка за јавна набавка што е спротивно на Законот за јавни набавки.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, фаворизирање на одредени фирми, нетранспарентност при склучување на договорите, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.
**Препорака:**
Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки и под законските акти во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2. и 10.4.. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно

финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Чешиново - Облешево под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.3. и 10.5., кај Органот на Општина Чешиново - Облешево, за 2008 година не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

13. Во текот на ревизијата се прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот во Билансот на состојба по основ на зголемување на Обврските спрема добавувачите за износ од 1.078 илјади денари и зголемување на позицијата на Активни временски разграничувања како кореспондентна сметка за истиот износ.

Скопје, 27.07.2009

Овластен државен ревизор

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 14,256 | 12,889 |
| **Вкупно приходи** | | **14,256** | **12,889** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 6,531 | 5,234 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 250 | 120 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 4,840 | 4,852 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 1,597 | 1,317 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 96 | 144 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **13,314** | **11,667** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 942 | 1,222 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **942** | **1,222** |
| **Вкупно расходи** | | **14,256** | **12,889** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2008 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 1,786 | 2,246 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,786** | **2,246** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 245 | 245 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 38,761 | 39,872 |
| **Вкупно постојани средства** | | **39,006** | **40,117** |
| **Вкупна актива** | | **40,792** | **42,363** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1,786 | 2,245 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 0 | 1 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,786** | **2,246** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 39,006 | 40,117 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **39,006** | **40,117** |
| **Вкупна пасива** | | **40,792** | **42,363** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **40,117** | **40,117** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** |
| Набавки | | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | - |
| Пренос од средства во подготовка | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - |
| Расходување | | - |
| **Намалување по основ на:** | | |
| Отпис на капитални средства | | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - |
| Амортизација | 1,111 | **1,111** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **39,006** | **39,006** |